# Е- БИЛТЕН 1



ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ЈАНУАРИ–МАРТ 2026 ГОДИНА

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ



Од 27 до 30 јануари 2026 година во Охрид се одржа тридневен тренинг за градење на капацитетите на локалните механизми за родова еднаквост, на кој учествуваа претставници од повеќе општини од Вардарскиот регион.
Преку интерактивни сесии, дискусии и практична работа, учесниците ги унапредија своите знаења за родово одговорно планирање и креирање инклузивни локални услуги.
Размената на искуства и добри практики поттикна нови идеи и конкретни чекори за подобрување на тековните политики.
Погледнете го видеото од тридневната обука „Градење на капацитетите на локалните механизми за родова еднаквост“
Оваа активност е во рамки на проектот „Локален компас кон еднаквост“, со поддршка од The Kvinna till Kvinna Fondation (Шведска) и финансирање од UK International Development.

## ОБУКА ИНФОРМАЦИСКА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ



Вработените во ОЖОСВН во периодот јануари/февруари 2026, учествуваа на 4 еднодневни обуки за информациска и дигитална безбедност, насочена кон унапредување на знаењата за заштита на податоци, безбедно користење на интернет и мрежи, препознавање сајбер-закани и правилно постапување при безбедносни инциденти. Обуката опфати практични теми, како управување со лозинки, автентикација, енкрипција, безбедна работа од далечина и заштита на лични и чувствителни информации, како и организациски политики за дигитална безбедност.
Обуката ја реализираше The Kvinna till Kvinna Fondation (Шведска) преку регионалниот проект подржан од UK International Development.




## ПРАЗНИЧНА ДЕПРЕСИЈА

Охрабрувачки текст за емоционалниот пад што често се јавува во јануари, за време и/или по празничниот период. „Празничната депресија“ е почеста отколку што мислиме, па со текстот отвораме простор за разбирање, поддршка и грижа за менталното здравје и колку е важно да работиме на себе.

## ПРОМОВИРАНА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА И ПСИХО- СОЦИЈАЛНА ПОМОШ НА ПОРТАЛОТ ЦРНОБЕЛО






## КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА И ПСИХО- СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА




ПРОЕКТ: ЧЕКОРИМЕ ОД ЗАЈАКНУВАЊЕ КОН ПРОМЕНА

## ОДБЕЛЕЖАНИ МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ

- 22.01 Месец на подигање на свеста за рак на грлото на матката
- Меѓународен ден на образованието








## СРЕДБА СО ЕВРОПРАТЕНИКОТ ТОМАС ВАЈЦ

На 05.02 се одржа средба со Европратеникот Томас Вајц, на која од ОЖОСВН присуствуваше координаторката на канцеларијата Јасмина Трајчева.
Европратеникот Вајц ја искористи средбата за уште еднаш да ја потврди својата посветеност на женските права и родовата еднаквост. Тој оствари средби со локални организации за заштита на правата на жените и го продолжи дијалогот за важноста на учеството на жените во процесот на пристапување во Европската Унија, како и за унапредување на родовата еднаквост.

## ТРИДНЕВНА ОБУКА ЗА ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ИНФОРМИРАН ИЗБОР ЗА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ



Од 6 до 8 февруари 2026 година во Охрид се одржа обуката „Врсничка едукација за информиран избор за средно училиште“, на која учествуваше и ОЖОСВН како дел од Коалиција СЕГА. Нашата младинска координаторка Стефанија Арсова беше дел од обуката во улога на менторка.
Во текот на март беа реализирани пет работилници во основни училишта во Штип, каде врсничките едукатори ги информираа учениците за можностите на стручното и дуалното образование.
Активностите се дел од проектот „Врсничка едукација за информиран избор за средно училиште – патеки кон стручно и дуално образование“, во рамки на швајцарскиот проект „Образование за вработување“, имплементиран од Helvetas во соработка со Коалиција СЕГА.

## ОБУКА „ИНТЕГРАЦИЈА НА РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ“ ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ОЖОСВН успешно ја реализираше обуката „Интеграција на родови перспективи во локални политики“ наменета за советниците и претставниците на локалната администрација на Општина Свети Николе. Обуката беше фокусирана на унапредување на знаењата за родова еднаквост, развој на локални политики и примена на родово одговорно планирање и буџетирање, со цел креирање поинклузивни и правични мерки на локално ниво.
Настанот се одржа од 6 до 8 февруари во Hotel Su, Охрид, и придонесе кон зајакнување на капацитетите на локалните креатори и носители на одлуки.
Погледнете го видеото од тридневната обука „Интеграција на родови перспективи во локални политики“
Активноста се реализираше во рамки на проектот „Локален компас кон еднаквост“, поддржан од The Kvinna till Kvinna Foundation (Шведска) и финансиран од UK International Development.





## РАБОТЕН СОСТАНОК НА ГРУПАТА ЗА САМОПОМОШ



На 10 февруари 2026 година, во просториите на ОЖОСВН, се одржа работен состанок на Групата за самопомош. На состанокот беше презентирана годишната програма за работа, како и планираните работилници и активности за претстојниот период. Учесничките споделија информации за тековните и идните соработки и отворија конструктивна дискусија со присутните.
Активноста се реализира во рамки на проектот „Заедно да превенираме и се бориме против ракот на дојка – 2026“, поддржан од Локалната самоуправа на Свети Николе.

## ОСТАНУВАМЕ ЦВРСТИ, ЧЕКОРИМЕ НАПРЕД: ЗАЕДНИЧКИ ОДГОВОР НА ОТПОРОТ КОН РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ



Од 9 до 13 февруари 2026 година во Хотел „Панорамика“ во Скопје се одржа регионален состанок за вмрежување и размена, посветен на стратешка комуникација, градење сојузи, застапување и унапредување на регионалната соработка. Истиот, овозможи размена на искуства, заедничко планирање и дефинирање на следни чекори во безбеден простор, со учество на претставници од сите 18 организации од регионот подржани од The Kvinna till Kvinna Foundation (Шведска) и финансиран од UK International Development.

## ВАЛИДАЦИСКА СЕСИЈА НА ПРИРАЧНИКОТ ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ



На 16 февруари 2026 година ја реализиравме валидациската сесија на Прирачникот за интегрирање на родови перспективи во локалните политики, одржана во ресторанот „Билазора“. На настанот учествуваа претставници од општинските администрации, советите други релевантни претставници на локално ниво од општините Свети Николе, Неготино, Кавадарци, Росоман, Градско и Лозово, кои дадоа коментари и препораки за унапредување и практична применливост на документот, со посебен фокус на родова анализа, родово одговорно буџетирање и користење родово разделени податоци. Активноста се реализира во рамки на проектот „Локален компас кон еднаквост“, поддржан од The Kvinna till Kvinna Foundation и финансиран од UK International Development.







## ФОКУС ГРУПИ



На 3 февруари 2026 година во просториите на ОЖОСВН и во соработка со Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“ од Скопје се одржаа 2 фокус групи, првата со невработени жени и девојки, а втората со вработени жени и девојки. Целта на овие фокус групи беше да се приберат информации од терен, во однос на пречки, предизвици, проблеми со кои се соочуваат овие жени и како нивната грижа за други (стари лица, деца, лица со посебни потреби и др.) влијаат на нивниот квалитет на живот. Анализата од овие истражувања понатаму ќе бидат искористени за креирање на соодветни програми и политики за подршка и интеграција на жените и девојките

## ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА – ЕДНАКВОСТ НИЗ ПРИЗМАТА НА СТАТИСТИКАТА



На 20 февруари 2026 година во Скопје се одржа завршната конференција на проектот „Еднаквост низ призмата на статистиката“, имплементиран од Асоцијацијата за демократски иницијативи во партнерство со ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, со поддршка од Европската Унија.
На настанот присуствуваа две претставнички од ОЖОСВН, кои преку излагањата и резултатите од проектот имаа можност да се запознаат со методологија и препораки за мерење дискриминација и унапредување на еднаквоста.

## РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ЛИЧНИ ГРАНИЦИ“

На 24 февруари 2026 се одржа работилница на тема „Лични граници“ со групата за самопомош – жени заболени и лекувани од карцином на дојка и матка. Работилницата ја водеше д-р Гордана Митева, при што се дискутираше за поставување емоционални, физички и психолошки граници, како и за значењето на кажувањето „НЕ“ како чин на самопочит.

Активноста е дел од проектот „Заедно да превенираме и се бориме против ракот на дојка – 2026“, поддржан од Општина Свети Николе.







## ОБУКА- „ИНТЕГРАЦИЈА НА РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ“-ОПШТИНА ЛОЗОВО

Во периодот 27.02 – 01.03.2026 година во Хотел Брана Градче се одржа дводневна обука на тема „Интеграција на родови перспективи во локални политики“, наменета за советници и претставници од локалната администрација на Општина Лозово.

Преку практична работа и размена на искуства, учесниците ги зајакнаа капацитетите за креирање родово одговорни локални политики и буџети. Организација на жените на општина Свети Николе продолжува да придонесува за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво.

Оваа активност е во рамки на проектот „Локален компас кон еднаквост“, со поддршка од The Kvinna till Kvinna Fondation (Шведска) и финансирање од UK International Development.







## ЈАВНА РАСПРАВА ЗА „НАЦРТ – НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО 2026–2033“



Јавната расправа за „Нацрт – Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жени и семејно насилство 2026–2033“ се одржа на 26 февруари 2026 година во Штип, во организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Заменик-министерот Ѓоко Велковски истакна дека стратегијата има за цел воспоставување систем за превенција, рана идентификација и заштита на жртвите, преку координиран и долгорочен пристап.

На дебатата учествуваа претставници од релевантни институции и невладиниот сектор, а од нашата канцеларија за бесплатна правна помош присуствуваше правната советничка. Процесот продолжува со јавни расправи во други општини.

## ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМА „ПРЕВЕНЦИЈА ОД МАЛОЛЕТНИЧКИ БРАКОВИ“

Во февруари 2026 година беа одржани едукативни работилници на тема „Превенција од малолетнички бракови“ во СОУ „Кочо Рацин“ и во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ – Свети Николе, како и во ООУ „Даме Груев“ – с. Ерџелија, со што се опфатија повеќе од 40 ученици.

Преку дискусии и презентации, учениците се запознаа со поимот малолетнички брак, законската регулатива и неговите последици. Поголемиот дел од учениците изразија став дека бракот треба да се склучува по полнолетство и без притисок, нагласувајќи ги ризиците како прекин на образованието и ограничени можности за развој.

Работилниците придонесоа за подигнување на свеста и зајакнување на знаењата кај младите за оваа општествена појава.

Оваа активност е дел од проектот „Едукација и застапување за превенција од малолетнички бракови во Општина Свети Николе“, а регрантиран од Локал Актив Вардар и РЕСИС.






## РЕДАКЦИСКИ СОСТАНОК НА ПЛАТФОРМАТА „ЛОКАЛ АКТИВ“



Редакциски состанок на платформата „Локал Актив Вардар“ се одржа на 25.02 во Кавадарци, со фокус на зајакнување на локалното новинарство и отворање на важни теми за граѓаните.

На состанокот учествуваше новинарот, граѓански активист и член на управниот одбор на ОЖОСВН, Ристе Панов.

На состанокот беше нагласена потребата од повеќе оригинални и проверени информации, како и поголема транспарентност од институциите.

## ПРОЧИТАЈТЕ ЈА ИСТРАЖУВАЧКАТА СТОРИЈА ЗА РАНИТЕ МАЛОЛЕТНИЧКИ БРАКОВИ НА LAV.MK ИЛИ КЛИК НА СЛИКАТА




## ТРАУМАТА, МЕНТАЛНОТО И ФИЗИЧКОТО ЗДРАВЈА И БЛАГОСОСТОЈБА

Прочитајте го текстот подготвен од психологот Емина Петкова при канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка. Активноста е дел од проектот „Чекориме од зајакнување кон промена“, финансиски поддржан од The Kvinna Till Kvinna Foundation и Шведска.




## МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ ВО ФЕВРУАРИ

04 февруари– Светски ден за борба против ракот

06 февруари- Меѓународен ден на нулта толеранција за осакатување на женски генитални органи

11 февруари- Интернационален ден на девојките и жените во науката

15 февруари– Меѓународен ден за рак кај децата

20 февруари- Светски ден за социјална правда

21 февруари- Меѓународен ден на мајчиниот јазик

27 февруари- Светски ден на невладините организации














## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА



Претседателката на ОЖОСВН присуствуваше на свечен прием по повод 8 Март – Меѓународниот ден на жената, а по покана на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши. Настанот се одржа на 5 март 2026 година во Кристалната сала во Собранието, во присуство на претставнички на невладини организации.
Во своето обраќање, Африм Гаши истакна дека е потребно жените да продолжат да го креваат својот глас, а мажите да се едуцираат за еднаквост и почит. Тој нагласи дека и покрај напредокот, предизвици како семејното насилство, економската нееднаквост и дискриминацијата остануваат актуелни, потенцирајќи дека е потребен заеднички и континуиран ангажман за нивно надминување.



14 волонтери и волонтерки од ОЖОСВН, во пресрет на празникот на жената 8 Март, во Свети Николе, Лозово, Велес, Градско, Кавадарци, Неготино и Росоман на 7 март, поделија честитки со мотивирачки пораки, разубавувајќи им го празникот на 3300 жени и девојки.
Со мали гестови, но со голема порака ги мотивираа, инспирираа и охрабруваа жените: за тебе која си силна, за тебе која си борбена, за тебе која си единствена. Активноста е поддржана од The Kvinna till Kvinna Foundation и финансирана од UK International Development.





По повод 8 Март - Меѓународниот ден на жената, на 08.03 претставнички на ОЖОСВН оддадоа почит на жените борки кои со својата храброст и пожртвуваност се бореле за слобода, правда и достоинство.




ОЖВСВН со свое присуство, го поддржаа и протесниот марш во Скопје под слоганот „Нема да нè снема“ кој требаше да ја изрази пораката дека жените нема да се повлечат од борбата за заштита од родово базирано насилство, еднаквост и права и одговорност од институциите.

## СПОДЕЛУВАЊЕ НА НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО ОД ПАБЛИК



На 10 март 2026 година во општинската сала на општина Свети Николе, се реализираше средба на која се споделија првичните наоди од истражувањето „Проценка на економијата на грижа во осум општини: реалните животни искуства на жените и политиките што го унапредуваат економското учество на жените“ спроведено од ПАБЛИК-Асоцијација за истражување, комуникација и развој од Скопје. Настанот собра релевантни локални чинители со цел презентирање и дискусија на првичните наоди од истражувањето, размена на искуства и перспективи од економијата на грижа на локално ниво и учеството на жените, како и дискусија за можни препораки.

## ЦРВЕНО ЗНАМЕ ЗА СИСТЕМОТ

Како членка на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство дава целосна поддршка за целосна истрага, итна одговорност и санкции за институционалното непостапување по трагедијата во Тафталице.




## ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ЛОКАЛЕН КОМПАС КОН ЕДНАКВОСТ: ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВИОТ КОНЦЕПТ ВО ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ“




На 18 март се одржа завршната конференција „Локален компас кон еднаквост: Интегрирање на родовиот концепт во локалните политики“, со учество на претставници од локалната самоуправа, советници од Вардарскиот регион и меѓународни партнери.
На настанот беа презентирани резултатите од проектните активности, а се одржа и панел-дискусија проследена со прашања од публиката. Преку спроведените истражувања, обуки и изработка на практичен прирачник, беа поставени основи за посистемско интегрирање на родовата еднаквост во локалните политики.
Активноста е поддржана од The Kvinna till Kvinna Foundation и финансирана од UK International Development.














# МАРТ

## ОНЛАЈН КАМПАЊА ПО ПОВОД МЕСЕЦОТ НА ЖЕНАТА




### КАКО ИЗГЛЕДА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО ПРАКСА

💜 Како изгледа родовата рамноправност во пракса? Родовата рамноправност не е само...

facebookapp




### ДЕВОЈЧИЊАТА ШТО СЕ ОХРАБРУВААТ ДЕНЕС – ЈА ВОДАТ ПРОМЕНАТА УТРЕ

🌸 МАРТ- МЕСЕЦ НА ЖЕНАТА 🌸 Секој збор на поддршка, секое „ти можеш", секое...

facebookapp



### КАКО СЕ ЧУВСТВУВАШ КОГА ПОСТОЈАНО СЕ ГРИЖИШ ЗА СЕ

🌸 МАРТ- МЕСЕЦ НА ЖЕНАТА 🌸 Многу жени се научени дека треба да бидат сè за сите – ...

facebookapp




### ГОДИНИТЕ НОСАТ МУДРОСТ, А МУДРОСТА ЈА ЗБОГАТУВА ЗАЕДНИЦАТА

🌸 МАРТ- МЕСЕЦ НА ЖЕНАТА 🌸 Возрасните жени носат во себе огромно животно...

facebookapp

Активноста е поддржана од Kvinna till Kvinna Foundation и финансирана од UK International Development – British Embassy Скопје.

## РАБОТИЛНИЦА НА ГРУПАТА ЗА САМОПОМОШ „СОНОТ НАШ НАСУШЕН"



На 25.03.2026 ОЖОСВН реализираше работилница „Сонот наш насушен" со група за самопомош од жени заболени и лекувани од карцином на дојка и матка, во просториите на Општина Свети Николе.
Работилницата ја водеше психологот Емина Петкова, а учесничките разговараа за значењето на квалитетниот сон, неговото влијание врз здравјето и начини за подобрување на навиките за спиење.
Активноста е дел од проектот „Заедно да превенираме и се бориме против ракот на дојка – 2026".

## МЛАДИНСКА РАЗМЕНА „RECYCLE OF LIFE" – КАРЛОВАЦ 2026





ОЖОСВН како партнер на Carpe Diem од Хрватска беше дел од проектот „ReCycle of Life". Во рамки на проектот, на 13 и 14 јануари, младинскиот лидер и една учесничка, беа дел од подготвителната средба за подготовка и креирање на сесиите за претстојната младинска размена, која се реализираше од 9 до 14 март 2026 година. На размената, млади волонтери, ученици во СОУ„Кочо Рацин" Свети Николе, учествуваа во работилници и практични активности посветени на рециклирањето и циркуларната економија. Тие изработија креативни и функционални предмети од употребени материјали, кои беа претставени на изложба со цел да се поттикне еколошката свест во локалната заедница. Размената се реализираше во Карловац, Хрватска. На 31.03.2026 години тимот од ОЖОСВН направи десиминација во своето училиште во Свети Николе и со учесниците ги споделија искуствата и знаењата од размената.

## МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ ВО МАРТ

01 март - Ден на нулта дискриминација
04 март - Светски ден за подигање свест за ХПВ
08 март - Одбележување на денот на жената
15 март - Светски ден на правата на потрошувачите
20 март - Светскиот ден за социјална правда
21 март - Светски ден на водата













# Е-БИЛТЕН 1 2026

032 444 620

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах
13 2220 Свети Николе

facebook.com/womsvetinikole

instagram.com/ozo_svnikole

Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка: 270000000911687 - Халк Банка